**464.**Врз основа член 50 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” “бр.5/02) како и член 45 од Статутот на Општината Дебар (“Службен гласник на Општината” бр.14/03),

Градоначалникот на Општината Дебар донесе:

**464.**Në mbështetje të nenit 50 të Ligjit për vetadministrimin lokal (“ Gazeta zyrtare e RM ” nr. 5/02) si dhe nenit 45 të Statutit të Komunës Dibër ( “ Kumtesa zyrtare e Komunës ” nr. 14/03),

Kryetari i Komunës Dibër solli:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ДЕБАР ЗА 2019 ГОДИНА**

**K O N K L U Z I O N**
**PËR SHPALLJEN E PËRFUNDIMIT PËR SJELLJEN E PROGRAMIT PËR PUNËN NË FUSHËN E POSEDIMIT ME TOKËN NDËRTIMORE NË PRONËSI TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË TË VERIUT NË RAJONIN E KOMUNËS DIBËR PËR VITIN 2019**

СЕ ОБЈАВУВА заклучокот за донесување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Дебар за 2019 година , донесен од страна на Советот на Општината на 22та седница одржана на ден 31.05.2019 година

SHPALLET përfundimi për sjelljen e Programit për punën në fushën e posedimit me tokën ndërtimore në pronësi të Republikës së Maqedonisë të Veriut në rajonin e Komunës Dibër për vitin 2019 sjellur nga Këshilli i Komunës në seancën e 22të të mbajtur në datë 31.05.2019.

**Бр. Nr.09-459/1**
**06.06.2019 год.viti**
**Дебар/Dibër**

**ОПШТИНА ДЕБАР**
**Градоначалник,**
**Хекуран Дука с.р.**

**KOMUNA DIBËR**
**Kryetari i Komunës**
**Hekuran Duka d.v.**

**465.**Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) како и член 59 од Статутот на Општината Дебар (“Службен гласник на Општината “бр. 14/03),

Советот на Општината Дебар на 22[та] седница одржана на ден 31.05.2019 год. донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГА-ЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ДЕБАР ЗА 2019 ГОДИНА**

**1.**Советот на Општината Дебар ја донесе програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Дебар за 2019 година

**2.**Програмата од точка 1 е составен дел на заклучокот.

**3.**Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од објавувањето во “Службен гласник на Општината”.

**465**.Në mbështetje të nenit 36 paragrafi 1 pika 15 të Ligjit për vetëqeverisjen lokale („Gazeta Zyrtare e RM„ nr.5/02) si dhe nenit 59 të Statutit të komunës („Kumtesa Zyrtare e Komunës„ nr 14/03),

Këshilli i Komunës Dibër në seancën e 22[të] të mbajtur më datë 31.05.2019 solli këtë:

**P Ë R F U N D I M**
**PËR SJELLJEN E PROGRAMIT PËR PUNËN NË FUSHËN E POSEDIMIT ME TOKËN NDËRTIMORE NË PRONËSI TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË TË VERIUT NË RAJONIN E KOMUNËS DIBËR PËR VITIN 2019**

**1.**Këshilli i Komunës solli programin për punën në fushën e posedimit me tokën ndërtimore në pronësi të Republikës së Maqedonisë të Veriut në rajonin e Komunës Dibër për vitin 2019.

**2.**Programi nga pika 1 është pjesë përbërëse e përfundimit.

**3.**Ky përfundim hyn në fuqi një ditë pas shpalljen në “Kumtesën zyrtare të Komunës”

**Бр. Nr. 08-426/3**
**31.05.2019 год.viti**
**Дебар/Dibër**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА KËSHILLI I KOMUNËS**
**Претседател, Kryetari,**
**Башким Машкули с.р Bashkim Mashkulli d.v.**

**466.**Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/2002), член 99 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ„ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 ) и член 59 од Статутот на Општина Дебар („Службен гласник на Општина Дебар„ бр. 14/03),

Советот на Општина Дебар на 22[та] седница одржана на ден 31.05.2019 година донесе:

## П Р О Г Р А М А ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ДЕБАР ЗА 2019 ГОДИНА

### I. Вовед

### I.I. Општ дел

Со донесување на новиот Закон за градежно земјиште, градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во сопсвеност на јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти основани од Владата на Северна Република Македонија, Собранието на Република Северна Македонија и во сопственост на домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и оттуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште, сопственост на РСМ, управува Владата на Република Северна Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба, можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење, Владата на Република Северна Македонија може да им го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано а се наоѓа над или под површината.

**466.**Në bazë të nenit 36 paragrafi 1 të Ligjit për vetqeverisjen lokale (“Gazeta zyrtare e RM” nr 5/2002), nenit 99 të Ligjit për tokën ndërtimore (“Gazeta zyrtare zyrtare e RM” nr 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 dhe 190/16) si dhe nenit 59 të Statutit të Komunës Dibër (“Kumtesa zyrtare e Komunës Dibër” nr.14/03),

Këshilli i Komunës Dibër në seancën e 22[të] të mbajtur në datë 31.05.2019 solli:

## PROGRAM PËR PUNËN NË FUSHËN E POSEDIMIT ME TOKËN NDËRTIMORE NË PRONËSI TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË TË VERIUT NË TERRITORIN E KOMUNËS DIBËR PËR VITIN 2019

### I. Hyrje

### I.I. Pjesa e përgjithshme

Me sjelljen e Ligjit të ri për tokën ndërtimore, toka ndërtimore mund të jetë në pronësi të Republikës së Maqedonisë të Veriut , komunave, komunave në qytetin e Shkupit dhe qytetin e Shkupit, në pronësi të ndërmarjeve publike, shoqërive akcionere dhe subjekteve tjera të themeluar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë të Veriut , Parlamentit të Republikës së Maqedonisë të Veriut dhe në pronësi të personave vendas apo të huaj juridik dhe fizik.

Pronësia e tokës ndërtimore krijon të drejta dhe obligime. Pronësia e tokës ndërtimore përfshin dhe të drejtën për ndërtim në truallin. Vendim për përfitimin e pronësisë për tokën ndërtimore për komunat, komunat e qytetit të Shkupit dhe qytetin e Shkupit miraton Këshilli.

Pronësia komunave u mundëson të drejtat vijuese: për ndërtim, shfrytëzim, përcjellje të së drejtës për ndërtim personave tjerë si dhe tjetërsim të tokës ndërtimore.

Me tokën ndërtimore në pronësi të RM, menaxhon Qeveria e Republikës së Maqedonisë të Veriut.

Tokën ndërtimore të dedikuar për shfrytëzim të përgjithshëm, mund ta shfrytëzojnë të gjithë personat juridik dhe fizik, komunat, komunat e qytetit të Shkupit dhe qyteti i Shkupit. Të drejtën e shfrytëzimit, Qeveria e Republikës së Maqedonisë të Veriut mund t’ua përcjell komunave.

Pronësia e tokës ndërtimore përfshin sipërfaqen e saj dhe ç’do gjë lidhur me të që ndodhet mbi apo nën sipërfaqe.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено.

Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште чии граници се утврдени со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура и може да се состои од една, од дел, или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација, одобрение и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е објект од областа на сообраќајот (копнен, воден и воздушен) подземна или надземна инсталација и електронски комуникациски мрежи и средства со сите нивни придружни средства.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, даде на користење, концесија или јавно приватно партнерство, даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

**I.II Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Дебар, дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарска 2019 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп на градежното земјиште, потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината, со сите нумерички податоци за истото.

Toka ndërtimore është e mirë me interes të përgjithshëm për RMV ndërsa rregullimi i tokës ndërtimore është me interes publik.

Toka ndërtimore mund të jetë e ndërtuar dhe e pa ndërtuar, e rregulluar dhe e parregulluar.

Toka ndërtimore e ndërtuar është tokë në të cilën është ndërtuar objekt me karakter të përhershëm dhe toka e cila shërben për shfrytëzim të rregullt të objektit në kufijtë e parcelës ndërtimore.

Toka ndërtimore e rregulluar është tokë e pajisur me infrastrukturë komunale, ndërsa toka e parregulluar është ajo në të cilën nuk ka infrastrukturë komunale të ndërtuar.

Toka ndërtimore është tokë e cila është e planifikuar me plan urbanistik, dokumentacion të planit urbanistik ose projekt për infrastrukturë.

Parcela ndërtimore është pjesë e tokës ndërtimore kufijtë e së cilës janë të definuara me plan urbanistik, dokumentacion urbanistik planor ose projekt për infrastrukturë dhe mund të përbëhet nga një, pjesë, apo më shumë parcela kadastrale.

Objekt me karakter të përhershëm është objekt i ndërtuar me dokumentacion, leje dhe i rregjistruar në librat publike të patundshmërive.

Objekti me karakter të përkohshëm është objekt i vendosur me leje për vendosje deri në realizim të planit urbanistik apo dokumentacionit urbanistik. Objektet e përkohshme nuk janë pjesë e tokës ndërtimore dhe mbi bazën e tyre nuk mund të përfitohet pronësia e tokës ndërtimore.

Objekti infrastrukturor është objekt nga sfera e komunikacionit (tokësor, ujor dhe ajror) instalim nëntokësor ose mbitokësor dhe rrjete të komunikacionit elektronik dhe mjete me të gjitha paisjet përcjellëse.

Qarkullimi me tokën ndërtimore është i lirë.

Toka ndërtimore pronësi e Republikës së Maqedonisë të Veriut mund të tjetërsohet, të jepet në shfrytëzim, koncesion apo në partneritet publik privat, të jepet në qira afatgjate apo afatshkurtër, të shkëmbehet ose në të vendosen të drejta tjera reale.

**I.II Përfshirja hapsinore dhe lënda e Programit**

Lënda e Programit është menaxhimi me tokën ndërtimore në pronësi të Republikës së Maqedonisë të Veriut e cila gjendet në territorin e Komunës Dibër, e definuar sipas organizimit territorial të Republikës së Maqedonisë, për kohën e vitit kalendarik 2019.

Që të mund të kryhet tjetërsimi, dhënia me qira e tokës ndërtimore, është e nevojshme të përpunohet harta e tokës ndërtimore shtetërore në komunë, me të gjitha të dhënat numerike për të njejtën.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на реализација на годишната Програма, предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија ќе бидат градежните парцели што се наоѓаат на територијата на Општина Дебар

Со оваа програма се опфатени следниве локалитети:

1.ДУП дел од блок 25 зона за специјална намена Касарна „Лиман Каба„ -Дебар, Одлука бр. 07-218/5 од 09.03.2010 година.

2.ДУП за локлитет Венец-2, за дел од блок 12,13 и 14- Дебар, Одлука број 07-1097/6 од 29.11.2013 година.

3.ДУП за дел од УБ 14-Дебар Одлука број 08-383/14 од 30.04.2018 година.

**I.III Основи за изработка на Програмата**

**Законски основ**

Законски основ на Програмата за управување со градежно земјиште се Законот за локалната самоуправа член 36 став 1 („Службен Весник на РМ„ бр. 5/2002), член 89 од Закон за градежното земјиште („Службен Весник на РМ„ 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) и член 27 од Статутот на Општина Дебар („Службен гласник на Општина Дебар„ бр. 14/03).

**Основни плански документи**

Други документи кои се користени за изработка на Програмата се следните стратешки развојни и плански документи донесени на локално ниво.

- Студија за економски развој на Општина Дебар за плански период од 2005 до 2020 година.
- Локален еколошки акционен план за Општина Дебар.
- Стратегија за одржлив развој на Општина Дебар.
- Генерален урбанистички план на Град Дебар за плански период од 2005 до 2016 година.
- Измена и дополнување на Генерален урбанистички план за блоковите 2, 3, 5, 6, 7, 11, 15, 16, 17, 19, 21 и 25 (2008-2019 )
- Измена и дополнување на Генерален урбанистички план за блоковите 3, 4, 17 и 20 (20014-2024 )
- Урбанистички планови за населените места.
- Програмите за изработка на урбанистички планови.
- Други стратешки документи.

Faktor i rëndësishëm në këtë procedurë është dhe kategoria e planit urbanistik gjegjësisht planeve urbanistike në bazë të të cilave mund të jepet leje ndërtimi.

Gjatë realizimit të Programit vjetor, lëndë e menaxhimit me tokën ndërtimore në pronësi të Republikës së Maqedonisë të Veriut do të jenë parcelat ndërtimore të cilat gjinden në territorin e Komunës Dibër.

Me këtë program janë përfshirë lokalitetet në vijim:

1. PDU pjesë nga blloku 25 zona për qëllim speciale Gazerma "Liman Kaba „ -Dibër , Vendim nr. 07-218/5 data 09.03.2010.
2. PDU për lolalitetin VENEC-2, për pjesë të bllokut 12, 13 dhe 14- Dibër, Vendim nr. 07-1097/6 data 29.11.2013.
3. PDU, për pjesë të BU 14- Dibër, Vendim i nr. 08-383/14_dt. 30.04.2018

**I.III Bazat për përpunimin e Programit**

**Baza ligjore**

Baza ligjore e Programit për menaxhim me tokën ndërtimore është Ligji për vetqeverisjen lokale neni 36 pika 1 (" Gazeta zyrtare e RM" nr. 5/2002 ) neni 89 i Ligjit për tokën ndërtimore (" Gazeta zyrtare e RM" nr. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 dhe 190/16) dhe neni 27 i Statutit të Komunës Dibër ("Kumtesa zyrtare e Komunës Dibër" nr 14/03).

**Dokumentet planore bazike:**

Dokumente të tjera të cilat janë shfrytëzuar për përpilimin e Programit janë dokumetet vijuese strategjike dhe zhvillimore të aprovuara në nivel lokal.

- Studim për zhvillimin ekonomik të Komunës Dibër për periudhën planore nga viti 2005 deri në vitin 2020.
- Plani aksional ekologjik lokal për Komunën Dibër.
- Strategjia për zhvillim të qëndrueshëm të Komunës Dibër .
- Plani gjeneral urbanistik i Qytetit të Dibrës për periudhën planore nga viti 2005 deri në vitin 2016.
- Ndryshim dhe plotësim i Planit general urbanistik për blloqet 2, 3, 5, 6, 7, 11, 15, 16, 17, 19, 21 dhe 25 (2008-2019)
- Ndryshim dhe plotësim i Planit general urbanistik për blloqet 3 ,4, 17, dhe 20 (2014-2024)
- Planet urbanistike për vendbanimet.
- Programet për përpunimin e planeve urbanistike
- Dokumente të tjera strategjike.

**I.IV Лица вклучени во изработка на Програмата**

-Петрит Пачуку д.г.и.,- раководител на Сектор за урбанизам, животна средина, локален економски развој, комунални дејности, сообраќај и патишта.

-Газменд Цами д.и.а.- раководител на Одделение за урбанизам, животна средина, локален економски развој.

-Дурим Фетаху д.и.а.- советник во Одделение за урбанизам, животна средина и локален економски развој.

-Беким Керлиу д.г.и - помлад соработник во Одделение за урбанизам, животна средина и локален економски развој.

-Владимир Стефановски д.гео.и.- советник во Одделение за урбанизам, животна средина и локален економски развој.

-Осман Иметоски дипломиран правник-советник во Одделение за правни и општи работи.

**II Цели на Програмата**

**II.1. Општи цели на Програмата**

Обезбедување услови за социо економски развој на општината преку правење просторни услови за развој.

**II.2. Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети**

Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност, можат да ја реализираат својата потреба а со тоа да придонесат за развој на населеното место /локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

**III Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата**

**III.1. Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање**

**I.IV. Persona të përfshirë në përpunimin e Programit.**

-Petrit Paçuku i.d.n. -udhëheqës i Sektorit për urbanizëm,mbrojtje të ambientit jetësor,zhvillim ekonomik lokal, veprimtari komunale, komunikacion dhe rrugë.

-Gazmend Cami i.d.a.- udhëheqës i Njësisë për urbanizëm, mbrojtje të ambientit jetësor dhe zhvillim ekonomik lokal.

-Durim Fetahu i.d.a.- këshilltar në Njësinë për urbanizëm,mbrojtje të ambientit jetësor dhe zhvillim ekonomik lokal.

-Bekim Kërliu i.d.n. - bashkëpunëor i ri në Njësinë për urbanizëm, mbrojtje të ambientit jetësor dhe zhvillim ekonomik lokal.

-Vlladimir Stefanovski i.d.gj.- këshilltar në Njësinë për urbanizëm, mbrojtje të ambientit jetësor dhe zhvillim ekonomik lokal.

-Osman Imetoski jurist i diplomuar-këshilltar në Njësisë për punë juridike dhe të përgjithshme.

**II Qëllimet e Programit**

**II.1.Qëllimet e përgjithshme të Programit**

Sigurimi i kushteve për zhvillim socio-ekonomik të komunës nëpërmjet krijimit të kushteve hapsinore për zhvillim.

**II-2-Qëllimet konkrete të Programit në vendet e banuara, blloqet urbane dhe lokalitetet.**

Qytetarët e interesuar për ndërtimin e hapsirave të veta për ushtrimin e veprimtarisë, mund ta realizojnë nevojën e tyre e me këtë do të kontribojnë për zhvillimin e vendbanimit/lokalitetit, shfrytëzimin e resurseve lokale, punësimin e personave, sigurimin e kushteve më të mira për jetesë.

**III Vëllimi dhe pasqyra e tokës ndërtimore që është lëndë e Programit**

**III.1. Shtojca grafike me parcelat e shënuara që do të jenë lëndë e menaxhimit**

| |
|---|
| Извод од ДУП- БЛ.25 зона за специјална намена касарна Лиман Каба Одлука на Советот на Општина Дебар бр. 07-218/5 од 09.03.2010 Службен Гласник на Општина Дебар бр.11/2010<br>Број на градежна пацела: 25,2 ; 25.3; 25.14 и 25.15 |
| Ekstrakt nga PDU- BU. 25 Zona për qëllime speciale gazerma Liman Kaba, Vendim i Këshillit të Komunës nr. 07-218/5 data 09.03.2010 Kumtesa zyrtare e Komunës Dibër nr. 11/2010<br>Nr. i parcelës ndërtimore: 25,2 ; 25.3; 25.14 dhe 25.15 |



Извод од ДУП за Централно градско подрачје- **ЛОКАЛИТЕТ ВЕНЕЦ-2 дел од блок – 12,13 и 14,** Одлука на Советот на Општина Дебар бр. 07-1097/6 од 29.11.2013 Сл.Гласник на Општина Дебар бр. 05/2013
Број на градежна пацела: 14.54 и 14.55

Ekstrakt nga PDU për Qendrën e qytetit– **LOKALITETI VENEC-2, për pjesë të bllokut 12,13 dhe 14-** Dibër, Vendim i Këshillit të Komunës Dibër nr. 07-1097/6 dt.29.11.2013 Kumtesa zyrtare e Komunës Dibër nr. 05/2013
Numri i parcelës ndërtimore: 14.54 dhe 14.55



Извод од ДУП за дел од УБ 14-Дебар, Одлука на Советот на Општина Дебар бр. 08-383/14 од 30.04.2018 Сл.Гласник на Општина Дебар бр. 7/2018
Број на градежна пацела: 14.10

Ekstrakt nga PDU për, për pjesë të BU 14- Dibër, Vendim i Këshillit të Komunës Dibër nr. 08-383/14dt. 30.04.2018 Kumtesa zyrtare e Komunës Dibër nr. 7/2018
Numri i parcelës ndërtimore: 14.10



**III.II. Детален преглед на градежни парцели по населено место и по урбанистички план.**
**III.II. Pasqyra detajuese e parcelave ndërtimore sipas vendbanimit dhe sipas planit urbanistik.**

| Р.бр. / Nr. r. | Број на ГП / Nr. i PN | Површ.на м$^2$/ Sipërfaqa | Намена земјиште -класа / Destinimi i tokës- klasa | Немана на земјиштето (описно) / Destinimi i tokës (përshkrim) | бр.на. КП во соста. на ГП / nr. i PK në përb. të PN | Катастарска Општина Komuna Kadastrale | Површ. за градба м$^2$/ Sip. për ndërtim | Бруто развиена поршина / Sipërfaqa bruto e zhvillimit | % на изграденост / % e ndërtueshmërisë | Коефи на искоритеност / Koeficienti shfrytzueshmërisë | Max. на дозвол. Висина / Lartësia max. e lejuar | Катност / Etazhiteti | Почетна цена по ден / 1m² Çmimi fillestar për den. /1m² |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 25.15 | 3253 | Б1-В6 / B1-V6 | Комерцијални и деловни намени / Destinime komerciale dhe afariste | 9208/3 | Дебар-3/ Dibër-3 | 1952 | 3253 | 60% | 1.2 | 8.50 | П+1 / P+1 | 1.100.00 |
| 2 | 25.14 | 4091 | Б1-В6 / B1-V6 | Комерцијални и деловни намени / Destinime komerciale dhe afariste | 9208/5 | Дебар-3/ Dibër-3 | 2455 | 4091 | 60% | 1.2 | 8.50 | П+1 / P+1 | 1.100.00 |
| 3 | 25.2 | 3660 | Б1-В6 / B1-V6 | Комерцијални и деловни намени / Destinime komerciale dhe afariste | 9208/6 | Дебар-3/ Dibër-3 | 2196 | 3660 | 60% | 1.2 | 8.50 | П+1 / P+1 | 1.100.00 |
| 4 | 25.3 | 4350 | Б1-В6 / B1-V6 | Комерцијални и деловни намени / Destinime komerciale dhe afariste | 9208/8 | Дебар-3/ Dibër-3 | 2610 | 4350 | 60% | 1.2 | 8.50 | П+1 / P+1 | 1.100.00 |
| 5 | 14.54 | 1440 | А2 | Домување во станбени згради / Banim në ndërtesa banimi | 5538/1 | Дебар-1/ Dibër-1 | 700 | 4900 | 49% | 3.4 | 19.2 | П+5+Пk / P+5+Nk | 800,00 |
| 6 | 14.55 | 2253 | А2 | Домување во станбени згради / Banim në ndërtesa banimi | 5361/5, 5538/1 | Дебар-1/ Dibër-1 | 1200 | 8400 | 53% | 3.73 | 19.2 | П+5+Пk / P+5+Nk | 800,00 |
| 7 | 14.10 | 1161 | А2 | Домување во станбени згради / Banim në ndërtesa banimi | 5456/1 | Дебар-1/ Dibër-1 | 571 | 3997 | 49,2% | 3.44 | 19.2 | П+5+Пk / P+5+Nk | 800,00 |

**IV. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

Во рамките на Програмата за активностите на Општина Дебар во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2019 година предвидени се средства во Буџетот на општината за реализација на информативни кампањи за продажба на градежно земјиште.

Кампањите се реализираат преку изработка на ТВ и радио спотови, флаери и соопштенија за јавност во зависност од целните групи и планираните ефекти.

Во зависност од потребите, темата на градежното земјиште може да биде дел од долгорочната стратегија и општинската администрација е задолжена за имплементација на маркетинг стратегијата.

**V. Динамика на реализација на Програмата**

Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување односно давање под закуп на градежното земјиште, се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната Програма да се објават во турнуси.

Секој турнус би опфатил објава на огласи за градежните парцели што се наоѓаат во состав на одредени населени места, урбани блокови или локалитети. Во вториот квартал од 2019 година ќе се објавуваат градежните парцели опфатени со програмата и тоа во согласност со намената на земјиштето и локалитетот.

Со објавата ќе се пропишуваат, определуваат следните параметри: висината на депозитот за учество, определување на интернет страницата на која ќе се врши надавањето, одредување на условите за учество, пропишување на други обврски и се наведуваат останати релевантни информации во врска со надавањето

Лица надлежни за реализацијата на Програмата:

Петрит Пачуку д.г.и.
Газменд Цами д.и.а.
Дурим Фетаху д.и.а.
Беким Крлиу д.г.и.
Владимир Стефановски д.и.гео.
Осман Иметоски дипломиран правник

**VI. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата**

Финансиските средства за реализација на Програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на

**IV. Marketing strategjia për promovimin e tokës ndërtimore që është lëndë e këtij Programi**

Në kuadër të aktiviteteve programore të komunës Dibër në fushën e promovimit dhe komunikimit me publikun në vitin 2019 janë paraparë mjete nga Buxheti i komunës për realizimin e fushatave informative për shitjen e tokës ndërtimore.

Fushatat realizohen përmes përgatitjes së TV dhe Radio spoteve, fllaereve dhe lajmërimeve për publikun në varësi të grupit të qëllimeve dhe efekteve të planufikuara.

Në varësi nga nevojat, tema e tokës ndërtimore mund të jetë pjesë e strategjisë afatgjate dhe administrata komunale është e obliguar për implementimin e marketing strategjisë.

**V. Dinamika e realizimit të Programit**

Me qëllimin e zvogëlimit të shpenzimeve financiare të lidhura me publikimin e shpalljeve për tjetërsimin gjegjësisht dhënien me qera të tokës ndërtimore, parashihet që parcelat ndërtimore që janë lëndë e Programit vjetore të publikohen në turnuse.

Çdo turnus do të përmbëledh publikimet e konkurseve të parcelave ndërtimore që gjenden në përbërje të vendeve të caktuara urbane, blloqeve ose lokaliteteve. Në tremujorin e dyte të vitit 2019 do të publikohen parcelat ndërtimore të përfshira në programin dhe atë në përputhje me qëllimin e tokës dhe lokalitetin.

Me publikimin do të përcaktohen, vendosen parametrat në vijim: lartësia e depozitit për pjesëmarrje, vendosja e faqes së internetit ku do bëhet ankandi, përcaktimi i kushteve për pjesëmarrje, përshkrimi i detyrimeve tjera dhe përmenden informacionet tjera relavante në lidhje me ankandin.

Personat kompetent për realizimin e Programit:

Petrit Paçuku i.d.n.
Gazmend Cami i.d.a.
Durim Fetahu i.d.a.
Bekim Krliu i.d.n.
Vladimir Stefanovski i.d.gjeo.
Osman Imetoski jurist i diplomuar

**VI. Vlerësimi i fondeve financiare të nevojshme për realizimin e Programit**

Mjetet financiare për realizimin e Programit përbëhen nga një përmbledhje e mjeteve të vlerësuara financiare të nevojshme për realizimin e

следните активности:

-трошоци по основ администрирање на постапките за отуѓување односно давање под закуп на градежното земјиште 300.000 денари.

-трошоци за промовирање односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување односно давање под закуп на градежното земјиште 150.000 денари.

**VII. Преодни и завршни одредби**

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.

За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Дебар.

aktiviteteve në vijim.

-shpenzimet lidhur me administrimin e procedurave për tjetërsimin respektivisht dhënien me qera të tokës ndërtimore 300.000 den.

-shpenzime për promovim respektivisht reklamim të lokacioneve ndërtimore të cilat do të jenë lëndë e tjetërsimit respektivisht dhënies me qera të tokës ndërtimore 150.000 den.

**VII. Dispozitat kalimtare dhe përfundimtare**

Programi mund të ndryshohet dhe plotësohet në mënyrën dhe procedurën e njëjtë të miratimit.

Për zbatimin e këtij programi është përgjegjës Kryetari i Komunës.

Programi hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e shpalljes në Kumtesën zyrtare të Komunës Dibës.

**Бр. Nr. 08-426/4**
**31.05.2019 год.viti**
**Дебар/Dibër**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА KËSHILLI I KOMUNËS**
**Претседател, Kryetari,**
**Башким Машкули с.р Bashkim Mashkulli d.v.**

**467.**Врз основа член 50 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" "бр.5/02) како и член 45 од Статутот на Општината Дебар ("Службен гласник на Општината" бр.14/03),

Градоначалникот на Општината Дебар донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНАТА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА КП БР. 5829 КО ДЕБАР-1**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП БР. 5829 КО ДЕБАР-1, донесена од страна на Советот на Општината на 22[та] седница одржана на ден 31.05.2019 година

**467.**Në mbështetje të nenit 50 të Ligjit për vetadministrimin lokal (" Gazeta zyrtare e RM " nr. 5/02) si dhe nenit 45 të Statutit të Komunës Dibër ( " Kumtesa zyrtare e Komunës " nr. 14/03),

Kryetari i Komunës Dibër solli:

**K O N K L U Z I O N**
**PËR SHPALLJEN E VENDIMIT PËR PËRCAKTIMIN E NEVOJËS PËR SJELLJEN E DOKUMENTACIONIT URBANISTIK PLANOR PËR HARMONIZIM TË DESTINIMIT TË TOKËS NDËRTIMORE PËR PK NR. 5829 KK DIBËR-1**

SHPALLET vendimi për përcaktimin e nevojës për sjelljen e dokumentacionit urbanistik planor për harmonizim të destinimit të tokës ndërtimore për PK nr. 5829 KK DIBËR-1 sjellur nga Këshilli i Komunës në seancën e 22[të] të mbajtur në datë 31.05.2019.

**Бр. Nr.09-459/2**
**06.06.2019 год.viti**
**Дебар/Dibër**

**ОПШТИНА ДЕБАР**
**Градоначалник,**
**Хекуран Дука с.р.**

**KOMUNA DIBËR**
**Kryetari i Komunës**
**Hekuran Duka d.v.**

**468.**Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправно изградени објекти во урабанистичката планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 27 од Статутот на општина Дебар („Службен гласник на општина Дебар” бр. 27/03),

Советот на општина Дебар на 22та седница одржана на 31.05.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 5829 КО ДЕБАР-1**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за бесправниот објект, станбена куќа, која се наоѓа на дел од КП бр. 5829 КО ДЕБАР-1 во сопственост на Сузана Кривца од Дебар. Објектот се наоѓа на КП бр. 5829 КО ДЕБАР-1, според ГУП е поставен на дел од земјиште со намена Комунална инфраструктура додека објектот има намена А1 (Домување во индивидуални куќи) земјиштето е во користење на Талат и Беким Кокале.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Дебар.

**468.**Në bazë të nenit 4 paragrafi 1 të Ligjit për veprim me objekte të ndërtuara pa leje ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 dhe 190/17), nenit 2 nga Rregullorja për standarde për përshtatjen e objekteve të ndërtuara pa leje në dokumentacionin urbanistik planor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë " nr. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 dhe 52/16), dhe nenit 27 nga statuti i komunës Dibër ( Kumtesa zyrtare e komunës Dibër nr. 27/03),

Këshilli i komunës Dibër në seancën e 22të të mbajtur me datë 31.05.2019, solli:

**V E N D I M**
**për përcaktimin e nevojës për sjelljen e dokumentacionit urbanistik planor për harmonizim të destinimit të tokës ndërtimore për PK nr. 5829 KK DIBËR-1**

**Neni 1**

Përcaktohet nevoja për sjelljen e dokumentacionit urbanistik planor për harmonizim të destinimit të tokës ndërtimore për objektin pa leje, shtëpi banimi, e cila gjendet në PK nr. 5829 KK DIBËR-1, pronë e Suzana Krivca nga Dibra. Objekti gjendet në PK nr. 5829 KK DIBËR-1, sipas PGjU është vendosur në pjesë të tokës me destinim Infrastrukturë komunale E1 kurse objekti ka destinim A1 (banim në shtëpi individuale), toka është në shfrytëzim të Talat dhe Bekim Kokale.

**Neni 2**

Ky Vendim hyn në fuqi ditën e tetë, nga dita e shpalljes në ,,Kumtesën zyrtare,, të komunës Dibër.

**Бр. Nr. 08-426/5**
**31.05.2019 год.viti**
**Дебар/Dibër**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА KËSHILLI I KOMUNËS**
**Претседател, Kryetari,**
**Башким Машкули с.р Bashkim Mashkulli d.v.**

**469.**Врз основа член 50 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” “бр.5/02) како и член 45 од Статутот на Општината Дебар (“Службен гласник на Општината” бр.14/03),

Градоначалникот на Општината Дебар донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНАТА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА КП БР. 5829 КО ДЕБАР-1**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 5829 КО ДЕБАР-1, донесена од страна на Советот на Општината на 22[та] седница одржана на ден 31.05.2019 година

**469.**Në mbështetje të nenit 50 të Ligjit për vetadministrimin lokal (“ Gazeta zyrtare e RM ” nr. 5/02) si dhe nenit 45 të Statutit të Komunës Dibër ( “ Kumtesa zyrtare e Komunës ” nr. 14/03),

Kryetari i Komunës Dibër solli:

**K O N K L U Z I O N**
**PËR SHPALLJEN E VENDIMIT PËR PËRCAKTIMIN E NEVOJËS PËR SJELLJEN E DOKUMENTACIONIT URBANISTIK PLANOR PËR HARMONIZIM TË DESTINIMIT TË TOKËS NDËRTIMORE PËR PK NR. 5829 KK DIBËR-1**

SHPALLET vendimi për përcaktimin e nevojës për sjelljen e dokumentacionit urbanistik planor për harmonizim të destinimit të tokës ndërtimore për PK nr. 5829 KK DIBËR-1 sjellur nga Këshilli i Komunës në seancën e 22[të] të mbajtur në datë 31.05.2019.

**Бр. Nr.09-459/3**
**06.06.2019 год.viti**
**Дебар/Dibër**

**ОПШТИНА ДЕБАР**
**Градоначалник,**
**Хекуран Дука с.р.**

**KOMUNA DIBËR**
**Kryetari i Komunës**
**Hekuran Duka d.v.**

**470.** Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправно изградени објекти во урабанистичката планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 27 од Статутот на општина Дебар („Службен гласник на општина Дебар” бр. 27/03),

Советот на општина Дебар на 22та седница одржана на 31.05.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 5829 КО ДЕБАР-1**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за бесправниот објект, станбена куќа, која се наоѓа на дел од КП бр. 5829 КО ДЕБАР-1 во сопственост на Талат Кокале од Дебар. Објектот се наоѓа на КП бр. 5829 КО ДЕБАР-1, според ГУП е поставен на дел од земјиште со намена Комунална инфраструктура додека објектот има намена А1 (Домување во индивидуални куќи) земјиштето е во користење на Талат и Беким Кокале.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Дебар.

**470.** Në bazë të nenit 4 paragrafi 1 të Ligjit për veprim me objekte të ndërtuara pa leje ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 dhe 190/17), nenit 2 nga Rregullorja për standarde për përshtatjen e objekteve të ndërtuara pa leje në dokumentacionin urbanistik planor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë " nr. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 dhe 52/16), dhe nenit 27 nga statuti i komunës Dibër ( Kumtesa zyrtare e komunës Dibër nr. 27/03),

Këshilli i komunës Dibër në seancën e 22të të mbajtur me datë 31.05.2019, solli:

**V E N D I M**
**për përcaktimin e nevojës për sjelljen e dokumentacionit urbanistik planor për harmonizim të destinimit të tokës ndërtimore për PK nr. 5829 KK DIBËR-1**

**Neni 1**

Përcaktohet nevoja për sjelljen e dokumentacionit urbanistik planor për harmonizim të destinimit të tokës ndërtimore për objektin pa leje, shtëpi banimi, e cila gjendet në PK nr. 5829 KK DIBËR-1, pronë e Talat Kokale nga Dibra. Objekti gjendet në PK nr. 5829 KK DIBËR-1, sipas PGjU është vendosur në pjesë të tokës me destinim Infrastrukturë komunale E1 kurse objekti ka destinim A1 (banim në shtëpi individuale), toka është në shfrytëzim të Talat dhe Bekim Kokale.

**Neni 2**

Ky Vendim hyn në fuqi ditën e tetë, nga dita e shpalljes në ,,Kumtesën zyrtare,, të komunës Dibër.

**Бр. Nr. 08-426/6**
**31.05.2019 год.viti**
**Дебар/Dibër**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА KËSHILLI I KOMUNËS**
**Претседател, Kryetari,**
**Башким Машкули с.р Bashkim Mashkulli d.v.**

**471.**Врз основа член 50 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" "бр.5/02) како и член 45 од Статутот на Општината Дебар ("Службен гласник на Општината" бр.14/03),

Градоначалникот на Општината Дебар донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНАМЕНА НА ОБЈЕКТОТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ДЕБАР**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за пренамена на објектот во сопственост на општина Дебар, донесена од страна на Советот на Општината на 22$^{та}$ седница одржана на ден 31.05.2019 година

**471.**Në mbështetje të nenit 50 të Ligjit për vetadministrimin lokal (" Gazeta zyrtare e RM " nr. 5/02) si dhe nenit 45 të Statutit të Komunës Dibër ( " Kumtesa zyrtare e Komunës " nr. 14/03),

Kryetari i Komunës Dibër solli:

**K O N K L U Z I O N**
**PËR SHPALLJEN E VENDIMIT PËR RIDESTINIMIN E OBJEKTIT NË PRONËSI TË KOMUNËS DIBËR**

SHPALLET vendimi për ridestinimin e objektit në pronësi të Komunës Dibër sjellur nga Këshilli i Komunës në seancën e 22$^{të}$ të mbajtur në datë 31.05.2019.

**Бр. Nr.09-459/4**
**06.06.2019 год.viti**
**Дебар/Dibër**

**ОПШТИНА ДЕБАР**
**Градоначалник,**
**Хекуран Дука с.р.**

**KOMUNA DIBËR**
**Kryetari i Komunës**
**Hekuran Duka d.v.**

**472.** Врз основа на член 36, став 1, точка 10 а во врска член 66 и 67 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002) и член 59 од Статутот на општина Дебар („Службен гласник на општина Дебар бр.14/03),

Советот на општина Дебар на 22[та] седница одржана на ден 31.05.2019 година, на предлог на Градоначалникот на општина Дебар ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНАМЕНА НА ОБЈЕКТОТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ДЕБАР**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува пренамена на објектот:Зграда на старо школо на КП бр. 399 во с. Хаме, зграда 1, влез 1, кат приземје, со намена **В1 училишта и научни институции**, во површина од 224 м² евидентирана во Имотен лист бр. 168 за КО ХАМЕ - КРИВЦИ, сопственост на општина Дебар, во намена-**В2 здравство и социјална заштита сите видови на социјални установи**.

**Член 2**

За пренамената од член 1 се одлучи врз основа на барање поднесено од „МИМА ВЕЛНЕС„ ДООЕЛ Дебар, кои се заинтересирани да инвестираат во реализација на проект Дом за згрижување на стари лица со извршување на социјално и здравствено згрижување.

**Член 3**

Користењето на недвижниот имот ќе се изврши во посебна постапка утврдена со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, по пат на електронско јавно наддавање.

**Член 4**

Одлуката стапува на сила осум дена од објавувањето во Службен гласник на општина Дебар.

**472.**Në bazë të nenit 36 paragrafi 1 pika 10 e në lidhje me nenin 66 dhe 67 të Ligjit për vetëqeverisjen lokale ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 5/2002), nenit 59 të Statutit komunës Dibër (“Kumtesa zyrtare e komunës Dibër nr 14//03),

Këshilli i komunës Dibër në seancën e 22[të] mbajtur me datë 31.05.2019, me propozim të Kryetarit të komunës Dibër solli këtë:

**V E N D I M**
**PËR RIDESTINIMIN E OBJEKTIT NË PRONËSI TË KOMUNËS DIBËR**

**Neni 1**

Me këte Vendim përcaktohet ridestinimi i objektit: Objekti i shkollës së vjetër në PK nr. 399 në f. Hame, ndërtesa 1,hyrja 1, kati përdhese me destinim **V1 – mësojtore dhe institucione shkencore**, me sipërfaqe prej 224 m²të evidentuar në Fletëpronësinë nr. 168 për KK HAME - KRIVCË, pronë e komunës Dibër në destinim **V2 – shëndetësi dhe mbrojtje sociale gjithë llojet e institucioneve sociale**.

**Neni 2**

Për ridestinimin nga neni 1 u vendos sipas kërkesës së dorëzuar nga ,,MIMA VELNES,, SHPKNJP Dibër, të cilët janë të interesuar të investojnë në raelizimin e proektit Shtëpi për përkujdesjen e personave të moshuar me kryerjen e përkujdesjes sociale dhe shëndetësore.

**Neni 3**

Shfrytëzimi i pronës të patundshme do të bëhet me procedurë të veçantë të përcaktuar me Ligjin për shfrytëzim dhe disponim me sendet në pronësi shtetërore dhe me sendet në pronësi komunale, nëpërmjet të ankandit publik elektronik.

**Neni 4**

Ky Vendim hyn në fuqi ditën e tetë, nga dita e shpalljes në ,,Kumtesën zyrtare,, të komunës Dibër.

**Бр. Nr. 08-426/7**
**31.05.2019 год.viti**
**Дебар/Dibër**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА KËSHILLI I KOMUNËS**
**Претседател, Kryetari,**
**Башким Машкули с.р Bashkim Mashkulli d.v.**

| | С О Д Р Ж И Н А | P Ë R M B A J T J A | Стр/ faq |
|---|---|---|---|
| **464** | Заклучок за објавување на заклучокот за донесување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Дебар за 2019 година | Konkluzion për shpalljen e përfundimi për sjelljen e Programit për punën në fushën e posedimit me tokën ndërtimore në pronësi të Republikës së Maqedonisë të Veriut në rajonin e Komunës Dibër për vitin 2019 | **730** |
| **465** | Заклучок за донесување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Дебар за 2019 година | Përfundim për sjelljen e Programit për punën në fushën e posedimit me tokën ndërtimore në pronësi të Republikës së Maqedonisë të Veriut në rajonin e Komunës Dibër për vitin 2019 | **731** |
| **466** | Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Дебар за 2019 година | Program për punën në fushën e posedimit me tokën ndërtimore në pronësi të Republikës së Maqedonisë të Veriut në rajonin e Komunës Dibër për vitin 2019 | **732** |
| **467** | Заклучок за објавување на одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за услогласување на намената на градежно земјиште на КП БР. 5829 КО ДЕБАР-1 | Konkluzion për shpalljen e vendimit për përcaktimin e nevojës për sjelljen e dokumentacionit urbanistik planor për harmonizim të destinimit të tokës ndërtimore për PK nr. 5829 KK DIBËR-1 | **742** |
| **468** | Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за услогласување на намената на градежно земјиште на КП БР. 5829 КО ДЕБАР-1(Сузана Крифца) | Vendim për përcaktimin e nevojës për sjelljen e dokumentacionit urbanistik planor për harmonizim të destinimit të tokës ndërtimore për PK nr. 5829 KK DIBËR-1 ( Suzana Krifca) | **743** |
| **469** | Заклучок за објавување на одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за услогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 5829 КО ДЕБАР-1 (Талат Кокале) | Konkluzion për shpalljen e vendimit për përcaktimin e nevojës për sjelljen e dokumentacionit urbanistik planor për harmonizim të destinimit të tokës ndërtimore për PK nr. 5829 KK DIBËR-1(Talat Kokale) | **744** |
| **470** | Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за услогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 5829 КО ДЕБАР-1 | Vendim për përcaktimin e nevojës për sjelljen e dokumentacionit urbanistik planor për harmonizim të destinimit të tokës ndërtimore për PK nr. 5829 KK DIBËR-1 | **745** |
| **471** | Заклучок за објавување на одлуката за пренамена на објектот во сопственост на општина Дебар | Konkluzion për shpalljen e vendimit për ridestinimin e objektit në pronësi të Komunës Dibër | **746** |
| **472** | Одлука за пренамена на објектот во сопственост на општина Дебар | Vendim për ridestinimin e objektit në pronësi të Komunës Dibër | **747** |

**ИЗГОТВИ:**
**СЛУЖБА ПРИ СОВЕТОТ**
=========================

**PËRGATITI :**
**SHËRBIMI PRANË KËSHILLIT**
========================